**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД**
**К Р У Ш Е В О**
**Су.бр. 01-2/23**
**24.01.2023 год.**

***ДО***

***- СУДСКИ СОВЕТ***
***НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- АПЕЛАЦИОНЕН СУД***
***Б И Т О Л А***

*ПРЕДМЕТ: Достава на Годишен извештај за работа на Основен суд Крушево за 2022 година*

*Во прилог на овој допис Ви го доставувам Годишниот извештај за работа на Основен суд Крушево во 2022 година*
(текстуален дел и прилог табели)

**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ристо Сотиров**

**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО ВО 2022 ГОДИНА**

*Крушево, јануари 2023 година*

# Воведно излагање

Основниот суд во Крушево претставува суд со основна надлежност, кој својата функција ја извршува согласно Законот за судовите и постапува по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на општината Крушево и при тоа настојува да им обезбеди заштита и еднаквост пред законот на сите граѓани - странки во овој суд во остварувањето на нивните права.

Со презентацијата на овој Годишен извештај, се остварува принципот на транспарентност во извршување на неговите функции, заради информирање на јавноста за сите аспекти на функционирањето на судот како битен сегмент на судската власт, како би се зголемила правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Северна Македонија .

Согласно основната надлежност во извештајната 2022 година за работата на Основниот суд во Крушево во овој извештај ке бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2022 година.

***Извештајот е правен врз основа на податоците добиени од АКМИС системот.***

## 1. Податоци за работа со предмети

### 1.1. Движење на предметите по сите видови во 2021 година

Во овој Извештај ќе биде прикажана целокупната работа на Основен суд Крушево за 2022 год. Ќе биде прикажано движењето на предметите сумарно и тоа за нерешените предмети од претходната година, за ново примените предмети по сите основи, вкупниот обем на работа, решавањето на истите и остатокот на нерешените предмети.

Основниот суд Крушево на почетокот од 2022 година имаше остаток од **320** предмети од претходна година. Во текот на 2022 година судот прими **2151** нови и **9** повторно заведени или **2160** предмети, така да вкупно во работа имал **2480** предмети. Решил вкупно **2077** предмети или **84%**, а како нерешени останале **403** предмет или **16%**.

Од горните показатели следува дека судот со ново примените предмети **2160** и решените **2077** предмети, не го совладал тековниот прилив за **83** предмети.

Остатокот на нерешени предмети, односно несовладувањето на приливот, пред се се должи на тоа што **половина година судот работеше само со еден судија, во ситуација на зголемен прилив на предмети на годишно ниво (во 2022 година судот примил 2160 предмети, или 73 повеќе во споредба со 2021 година кога судот примил 2087 предмети).**

Имено, во периодот од почетокот на годината до 01 јули судот работеше со двајца судии, но од јули еден судија се пензионира, па во периодот од месец јули до септември 2022 год. судот работеше со 1

делегиран судија. Поради смртен случај на истиот судија, во месец октомри делегиран е друг судија, така да судот продолжува да работи само со 1 (еден) делегиран судија од Основниот суд Битола.

| нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 320 | 2151 | 9 | 0 | 2480 | 2077 | 403 |




Во тековната 2022 година, на ниво на суд вкупно обжалени се 68 предмети.

Примени се 9 одлуки од второстепен суд и тоа:

- потврдени 7 одлуки или 78 %
- укинати 1 одлука или 11 %
- преиначени 1 одлука или 11%

## 1.2. Предметно работење на ниво на оддели

### 1.2.1. Кривичен оддел

Во текот на 2022 година во кривичниот оддел судот прими **960** нови предмети и **5** повторно заведени, па со остатокот од **104** предмети од претходната година вкупно во работа биле **1069** предмети.

Решени се 854 предмети или 80%, нерешени се 215 предмети или 20%.

| нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 104 | 960 | 5 | 0 | 1069 | 854 | 215 |

**Споредбено со претходната година, може да се каже дека во 2022 година зголемен е вкупниот број на предмети во работа во кривичниот оддел.**

Обжалени се 11 одлуки во кривичен оддел.

Во табелата што следи, дадени се вкупно примени одлуки од второстепен суд во кривичен оддел, како и бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки, без предметите по кои не е дозволен правен лек.

| примени одлуки од второстепен суд (кривичен оддел) | потврдени | | укинати | | преиначени | | делумно укинати | | отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % |
| 8 | 6 | 75% | 1 | 12,5% | 1 | 12,5% | 0 | 0% | 0 | 0% |

### 1.2.2. Предмети за кривично полнолетни – „К“

Во 2022 година судот примил **36** нови предмети, **1** повторно заведен, па со остатокот од **17** предмети од претходна година, вкупно во работа биле **54** кривични предмети за полнолетни лица.
Решени се **40** предмети или 74%, нерешени се **14** предмети или 26%.

**„К“**

| нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | 36 | 1 | 0 | 54 | 40 | 14 |

По однос на новопримени и решени предмети во тековната 2022 година, совладан е приливот.

### 1.2.3. Прекршочни предмети – „ПРК“

Кај овој вид на предмети, остаток од претходната година имаше **35** предмети. Судот во 2022 година примил **259** нови и **2** повторно заведени, па со остатокот од претходна година, вкупно во работа биле **296** предмети.
Решени се **207** предмети или **70%**, нерешени се **89** предмети или **30%**.

**„ПРК“**

| нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 35 | 259 | 2 | 0 | 296 | 207 | 89 |

Во извештајната година во кривичниот оддел судот постапувал и по следните предмети :

Разни кривични предмети -303, кривичен совет (во претходна постапка) вон главен претерес -22 предмети, повикани лица на издржување казна затвор (полнолетни) - 3 предмети, извршување на прекршочни глоби, трошоци и паушал -259 предмети, замолници во кривична област - 3 предмети, разни прекршочни предмети - 39, извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал -88 предмети.

## 1.2.4. Граѓански оддел

Во текот на 2022 година во граѓанскиот оддел судот прими **699** предмети и **4** повторно заведени, или вкупно **703** предмети, па со остатокот од **208** предмети од претходната година вкупно во работа биле **911** предмети.

Решени се **745** предмети или 82%, нерешени **166** предмети или 18%.

| нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | предмети повторно во работа | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 208 | 699 | 4 | 0 | 911 | 745 | 166 |

Може да се констатира дека и во овој оддел има зголемен број на вкупно предмети во работа во однос на претходната година.

Обжалени се 57 одлуки во граѓански оддел.

Во табелата што следи, дадени се вкупно примени одлуки од второстепен суд во граѓански оддел, како и бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки, без предметите по кои не е дозволен правен лек.

| примени одлуки од второстепен суд (граѓански оддел) | потврдени | | укинати | | преиначени | | делумно укинати | | отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % |
| 1 | 1 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |

Во извештајната година судот постапувал по следните предмети од граѓанска област и вонпроцесни предмети :

Спорови од мала вредност - 30 предмети, работни спорови -132 предмети, повторување на постапка во парнично -0 предмети, имотни спорови -24 предмети, семејни спорови -17 предмети, платни налози по приговор -4 предмети, приговори против неправилности при извршување -

3 предмети, оставини по приговор О1 -3 предмети, заверки -237, ВПП -45 предмети, разни ВПП -200 предмети, оставина од нотар -202 предмети, физичка делба -5 предмети, облигациони спорови -5 предмети, издавање дозволи -4 предмети.

### 1.2.5. Административна работа на судот

| вид на предмети од уписник | нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ - 07 | 6 | 469 | | 475 | 458 | 17 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | 0 | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| СУ-ИЗЗ | 1 | 10 | | 11 | 8 | 3 |
| УПП | | | | | | |
| СПИ | | | | | | |
| **Вкупно** | 7 | 485 | 0 | 492 | 472 | 20 |

### 1.2.6. Претставки и поплаки

| вид на предмети | нерешени предмети на почеток на годината | новопримени предмети | погрешно заведени | вкупно предмети во работа | решени предмети | останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Слободен пристап до информации | 1 | 7 | 0 | 8 | 6 | 2 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно :** | 1 | 7 | 0 | 8 | 6 | 2 |

Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник по истите постапува Претседателот на судот .

### 1.2.6. Состојба со стари предмети

На крајот на тековната 2022 година, во Основниот суд Крушево како остаток се само **2 стари предмети** - Кривично полнолетни. Станува збор за два предмети за прекршување на забраната на движење за време на Ковид пандемијата со по 12, односно 8 обвинети, **примени во судот во 2020 год.** Доколку се остварат најавите за брзо донесување на Закон за амнестија во врска со прекршување на забраната на движење за време на Ковид пандемијата, Основниот суд Крушево набргу би бил **без стари предмети во работа.**

Нема стари предмети по други вид.

## 2. <u>Извештај за човечки ресурси</u>

- Основниот суд Крушево заклучно со месец јуни 2022 година својата функција во ја извршуваше со 16 вработени, од кои 2 (двајца) судии тука сметајќи го и Претседателот на судот и еден делегиран судија, како и 14 вработени технички персонал. Од месец јули судот работи со еден судија, кој истовремено е и ВД Претседател на судот.

Согласно Систематизацијата на Основен суд Крушево предвидени се 26 работни места без судиите.

Во текот на 2022 година, согласно Единствениот годишен план за вработување и унапредување, реализирано е само едно унапредување со звање Самостоен судски референт – водител на писарница.

Во текот на извештајниот период и во периодот од претходите години, поради редовно пензионирање и други случаеви непополнети останаа повеќе работни места.

<u>Неколку години судот работи само со еден дактилограф.</u>

Со оглед на обемот на работата, посебно напоменувам за планирано и приоритетно **пополнување на следните работни места** предвидени со Актот за Систематизација на Основен суд Крушево:

- 1 (еден) технички секретар на судија – дактилограф,
- 1 (еден) виш судски референт – архивар економ,
- 1 (еден) виш судски референт – извршител во писарница,
- 1 (еден) помлад судски референт – доставувач.
- 1 (еден) помлад стручен соработник – приправник.

## 3. <u>Извештај за усогласување на судска пракса</u>

Во Основен суд Крушево поради малиот број на судии, (во моментот работи еден судија), постојано се разговара по однос на предметите, тековните проблеми, се разгледуваат ставовите на повисоките судови и нормално се завземаат ставови за усогласување на судската пракса.

Судиите на Основен суд Крушево во текот на 2022 година беа присутни на некои од советувањата, едукациите и семинарите организирани од страна на Академијата на судии и јавни обвинители и други институции, претежно со on-line присуство преку одредени платформи, советувања кои придонесоа за подобрување како на квантитативното така и кавалитативното работење на судиите.

## 4. <u>Извештај за односи со јавноста</u>

- По однос на ова прашање, во Основен суд Крушево до службените лица определени за посредување со информации, во тековната 2022 година беа поднесени 11 писмени барања со кои се бараа одредени податоци за работењето на судот.

На истите судот одговори позитивно во Законски предвидениот рок.

- Што се однесува до одлуките објавени на WEB страната на судот, истите претходно се анонимизираат, се припремаат во одреден формат и во предвидениот рок после нивното донесување се објавуваат на страната.

Во извештајната 2022 година објавени се околу 166 пресуди – решенија донесени со одлука и тоа од граѓанска и кривична материја.

- Покрај објавата на анонимизирани пресуди, Основен суд Крушево на неговата WEB страна објавува соопштенија за јавност, месечен распоред на рочишта, документи кои што ги издава судот, годишни и месечни извештаи, информации во врска со јавните набавки, огласи и други информации од јавен карактер кои треба да се достапни за пошироката јавност.

## 5. <u>Извештај за информатичката технологија</u>

- Моментално во Основен суд Крушево активно во работа се 15 компјутери – работни станици, 13 локални ласерски печатари, 2 скенери.

Во 2018 и 2019 година дел од работните станици кои беа застарени односно во функција од 2003 година, заменети се со нови компјутери.

Во 2021 година набавени се 2 (два) преносни компјутери – лаптопи.

**Во тековната 2022 година, преку Групна јавна набавка на Судски совет на РСМ, набавени се и инсталирани нови сервери , како и 4 нови персонални компјутери , 3 локални печатари е 1 скенер.**

Судот располага и со еден видео дисплеј на кој се објавуваат насрочените предмети и други информации од јавен карактер.

Од страна на програмските апликации, во судот се користат следните:

- АКМИС програмата за комплетна евиденција и движење на судски предмети, која во одредени периоди се надградува со нови верзии од страна на фирмата ЕДУСОФТ,
- АМБС програма за книговодствено, материјално и магацинско работење која се користи во целост,
- ФЕМИДА програмата за тонско снимање на граѓанските рочишта која, со повремени прекини, се користи од месец мај 2013 година.
- Модулот за скенирање на поднесоци и формирање електронско досие на предметите кој се користи во целост.

Во тек на работа се јавуваат вообичаени проблеми кои засега навремено се корегираат и надминуваат.

## 6. <u>Извештај за опременост и одржување на зградата на судот</u>

Кога станува збор за судската зграда, сакам да напоменам следново:

Ходниците и канцелариите на приземјето (првиот спрат) под хитно треба да се санираат. Поради големо присуство на влага, има поголемо одронување на малтерот во просториите и појава на непријатен мирис и мувла.

Исто така сакам да напоменам дека е потребна интервенција и на надворешната дограма, која е дрвена и прилично стара.

Возниот парк односно возилата со кои располага судот се стари и дотраени. На последниот технички преглед во 2022 год. поминати се со бројни забелешки а поради нивнта старост економски е неисплатливо да се одржуваат. Истите се користат само за локални потреби низ градот, додека за патување на подолги релации воопшто не се безбедни.

**Станува збор за 2 (две) возила постари од 30 години и тоа :**
**Голф 2 производство 1985 год. и Мерцедес 250Д од 1990 год.**

Во поглед на техничката опременост, пред се тука се мисли на компјутерската опременост - нема забелешки.

Сите вработени имаат соодветна канцеларија приспособена за својата работа. Канцелариите се опремени со потребните технички помагала (компјутери и печатари) кои се потребни за непречено извршување на работните задачи.

Зградата на Основен суд Крушево е обезбедена со тројца судски полицајци кои работат во две смени. Поради непотполнето едно работно место – судски полицаец, во трета смена судот е обезбеден од редовната полиција.

## 7. <u>Извештај за јавни набавки – извршени и планирани</u>

Јавните набавки за тековната година се спроведуваа согласно годишниот План за јавни набавки на Основниот суд Крушево донесен во месец јануари 2022 година.

- Групна јавна набавка, спроведена преку Судскиот совет на РСМ, е набавката за користењето на мобилната и фиксна телефонија, како и интернет услугите.
- Набавката на хартијата за печатари и фотокопири со спроведена групна јавна набавка преку Апелационен суд Битола,
- Набавка на масло за греење – Поедноставена отворена, постапка со објавување на оглас во ЕСЈН чија вредност не е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност,
- Еднократна набавка на ламинат во вредност до 1.000 евра без пресметан ДДВ,
- Сукцесивни набавки, чиј вкупен износ на набавката не е поголем од 1.000 евра во денарска противвредност се следните :

- набавка на ситен канцелариски материјал (пенкала, фломастери, салотепи, пликови, индига, гуми за бришење, коректори, спајалици, хефталици и др.),
- набавка на печатарски услуги (доставници, укоричување на сл.весници, папки, налози, обвивки на предмети и сл.),
- тонери
- набавка на средства за хигиена.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Во контекст на погоре наведеното ги доставувам и следните предлог заклучоци:

- судот да функционира со двајца судии (кривична и граѓанска материја),
- да се пополнат испразнетите работни места, наведени во точка 2 во овој извештај,
- да се обезбеди едно патничко моторно возило.
- да се изврши санација, реновирање на внатрешниот дел од фасадата на приземјето од објектот.

Во иднина предлагам одобрените буџетски средства да соодвестуваат со реалните трошоци предвидени со Предлог Буџетот на судовите за наредните години.

ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
ВД Претседател,
Ристо Сотиров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОСНОВЕН СУД - КРУШЕВО • GJYKATA THEMELORE - KRUSHEVË • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

# Основен суд Крушево - извештај за период: 1.2022 - 12.2022

| | Граѓанска област | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Вонпарнични** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Оставина по приговор | 0 | 3 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Разни вонпарнични предмети | 0 | 200 | 0 | 200 | 200 | 0 |
| Физичка делба | 2 | 3 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| ВонПарнични Предмети(ВПП) | 13 | 31 | 0 | 44 | 34 | 10 |
| Заверки | 0 | 237 | 0 | 237 | 236 | 1 |
| Оставина | 101 | 97 | 0 | 198 | 122 | 76 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **116** | **571** | **0** | **687** | **600** | **87** |
| **Вид на предмет** | **Извршување** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Приговори против неправилности при | 2 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Издавање дозволи | 0 | 4 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **2** | **5** | **0** | **7** | **7** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Парнични** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Повторување на постапката во парнично | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Работни спорови | 61 | 69 | 0 | 130 | 87 | 43 |
| Семејни спорови | 4 | 13 | 0 | 17 | 8 | 9 |
| Платни налози по приговор | 1 | 3 | 0 | 4 | 4 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Имотни спорови | 9 | 11 | 0 | 20 | 11 | 9 |
| Облигациони спорови | 2 | 3 | 0 | 5 | 2 | 3 |
| Парнични-мала вредност | 6 | 24 | 0 | 30 | 17 | 13 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **83** | **123** | **0** | **206** | **129** | **77** |
| **Вкупно - област** | **201** | **699** | **0** | **900** | **736** | **164** |
| **Област** | **Кривична област** | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Дејствија во претходна постапка** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Определени дејствија во претходна постапка- | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **2** | **0** | **2** | **2** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) во кривично** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Повикани лица на издржување казна | 0 | 3 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| Извршување на прекршочни глоби, трошоци | 39 | 220 | 0 | 259 | 168 | 91 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и | 9 | 79 | 0 | 88 | 81 | 7 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **48** | **302** | **0** | **350** | **250** | **100** |
| **Вид на предмет** | **Кривично полнолетни** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети за кривично полнолетни | 15 | 36 | 0 | 51 | 38 | 13 |
| Разни кривични предмети | 1 | 302 | 0 | 303 | 298 | 5 |
| За кривичен совет (во претходна постапка) вон | 2 | 18 | 0 | 20 | 16 | 4 |
| Замолници во кривична област | 0 | 3 | 0 | 3 | 3 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно - вид на предмет** | **18** | **359** | **0** | **377** | **355** | **22** |

| **Вид на предмет** | **Прекршоци** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни прекршочни предмети | 1 | 38 | 0 | 39 | 38 | 1 |
| Прекршочни предмети | 34 | 259 | 0 | 293 | 204 | 89 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **35** | **297** | **0** | **332** | **242** | **90** |
| **Вкупно - област** | **101** | **960** | **0** | **1061** | **849** | **212** |
| **Област** | **Судска управа** | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Строго доверливи предмети во судска управа | 0 | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| Предмети од судска управа | 7 | 479 | 0 | 486 | 466 | 20 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **7** | **485** | **0** | **492** | **472** | **20** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Слободен пристап до информации | 1 | 7 | 0 | 8 | 6 | 2 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **1** | **7** | **0** | **8** | **6** | **2** |
| **Вкупно - област** | **8** | **492** | **0** | **500** | **478** | **22** |
| **Вкупно** | **310** | **2151** | **0** | **2461** | **2063** | **398** |
| **Повторно заведени предмети** | **10** | **9** | **0** | **19** | **14** | **5** |
| **Вкупно предмети во работа** | **320** | **2160** | **0** | **2480** | **2077** | **403** |